МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 69 алинеја 2 од Законот за здравјето на растенијата ("Службен весник на Република Македонија" број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# НАРЕДБА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗАДРЖАНА ПРАТКА ИЛИ ШТЕТЕН ОРГАНИЗАМ ОД ТРЕТИ ЗЕМЈИ И КОИ ПРЕТСТАВУВААТ НЕПОСРЕДНА ФИТОСАНИТАРНА ОПАСНОСТ *

* Со оваа наредба се врши усогласување со одребите на Директивата на Комисијата бр. 94/3/ЕЗ од 21 јануари 1994 за утврдување на процедурата за известувањето за задржување на пратката или штетни организми од трети земји и кои представува непосредна фитосанитарна опасност, број 31994L0003.

## Член 1

За задржената пратка или штетен организам од трети земји и кои представуваат непосредна фитосанитарна опасност за кои фитосанитарниот инспектор наредил забрана за увоз и враќање на испраќачот или наредил лабораториско тестирање или карантин, задолжително се известуваат:

- сите единици на фитосанитарната инспекција на местата на влез,

- Државниот инспекторат за земјоделство и

- итосанитарната управа.

## Член 2

## (постапка за известување)

Кога при фитосанитарна инспекција при увозот на место на влез во Република Македонија се утврди дека пратката не ги исполнува пропишаните фитосанитарни барања според Правилникот за начинот на вршење на фитосанитарната инспекција при увоз на пратки од

Листата V дел Б секција 1(?), фитосанитарниот инспектор ја задржува пратката. Задржување е секое дејствие кое е преземено или треба да се преземе од страна на фитосанитарната инспекција при увозот во однос на цела или дел од пратка на растенија, растителни производи и други објекти и предмети од трета земја или на организам штетен за растенијата или растителните производи, што не ги исполнува пропишаните

фитосанитарни барања.

**Член 3**

**(известување за задржување)**

Врз основа на документацијата добиена од фитосанитарниот инспектор, Државниот инспекторат за земјоделство известувањето за задржување на пратка или изолиран штетен организам кој се увезува, го доставува на образец пополнет на англиски јазик даден во Прилогот кој е составен

дел на оваа наредба и се испраќа до надлежниот орган на земјата извозничка.

Кога за задржената пратка или изолиран штетен организам е издадена забрана за увоз и враќање на испраќачот, известувањето за задржување се испраќа веднаш. Во случај на изгубен, неправилно пополнет или доцна поднесен фитосанитарен сертификат, известувањето за задржување може да биде испратено најмногу два работни дена од датумот на задржувањето.

**Член 4**

**(известување на земјата извозничка, на ЕУ и ЕППО)**

Државниот инспекторат за земјоделство го препраќа известувањето за задржување на пратка и до :

- Националната организација за заштита на растенијата на земјата извозничка,

- надлежните органи за здравје на растенијата на земјите членки на ЕУ,

- Европската Комисија и

- Европската и Медитеранската организација за заштита на растенијата (ЕППО).

Известувањето за задржување се испраќа по електронски пат или по брза пошта.

**Член 5**

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-98/7 Министер
за земјоделство,

мај 2011 година шумарство
и водостопанство,

Скопје Љупчо
Димовски, с.р.

(1) Со овој правилник се врши усогласување со одребите на Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 година за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ од 8 мај 2001година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 32003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот бр. 806/2003(ЕЗ) од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/116/ЕЗ од 4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070;

изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година, број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008L0064; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001.

Прилог

# REPUBLIC OF MACEDONIA / EUROPEAN UNION: NOTIFICATION OF PLANTS, PLANT PRODUCTS, OTHER OBJECTS OR HARMFUL ORGANISM PRESENTING AN IMMINENT PHYTOSANITARY DANGER

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/ЕВРОПСКА УНИЈА: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАСТЕНИЈА, РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ, ДРУГИ ОБЈЕКТИ ИЛИ ШТЕТЕН ОРГАНИЗАМ КОИ ПРЕДСТАВУВА НЕПОСРЕДНА ФИТОСАНИТАРНА ОПАСНОСТ

| | |
|---|---|
| 1. ПРАЌАЧ/CONSIGNOR<br>a. Име/Name :<br>b. Адреса/Address :<br>c. Земја/Country : | 2. ДОСИЕ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕТО/INTERCEPTION FILE<br>a. Национален референтен број / National Reference Number :<br>Пратка од /Consignment from :<br>[+-] b. Трета земја/Third Country [+-] c. ЕУ /EU<br>Барање пораката да биде препратена /Request for message to be sent<br>[+] d. до Земјите Членки /to Member States [+] e. до ЕППО /to EPPO |
| 3. ПРИМАЧ/CONSIGNEE<br>a. Име/Name :<br>b. Адреса/Address:<br>c. Земја/Country :<br>d. Земја на дестинација/Destination Country:<br>e. Место на дестинација /Destination Place: | 4. ПЛИКО/ENVELOPE<br>a. Организација за заштита на растенија/ Plant protection organization of :<br>b. До /To :<br>5. ИЗВОЗ /EXPORT<br>a. Земја на извоз /Exporting Country :<br>b. Место на извоз /Place of export<br>6. ПОТЕКЛО/ORIGIN<br>a. Земја на потекло /Country of origin :<br>b. Место на потекло /Place of origin : |
| 7. ТРАНСПОРТ/TRANSPORT<br>a. Начин(и) на транспорт /Mode(s) of transport :<br>b. Транспортно(и) средство(а)/Mean(s) of transport :<br>c. Ознака(и)/Identification(s) :<br>8. Место на влез /Point Of Entry<br>a. POE's Country :<br>b. POE's Place : | 9. Идентификација на пратката/ Identification of Consignment<br>a. Вид на документот /Type of document :<br>b. Број на документот/Document number :<br>c. Земја на издавање /Country of issue :<br>d. Место на издавање /Place of issue :<br>e. Дата на издавање /Date of issue : |
| 10. ОПИС НА ЗАДРЖАН ДЕЛ НА ПРАТКАТА/DESCRIPTION OF THE INTERCEPTED PART OF THE CONSIGNMENT<br>a. Вид на пакувањето(та)/ контејнер(и)/Type of package(s)/container(s) :<br>b. Карактеристична (и) ознака (и) /Distinguishing mark(s) of package(s)/container(s):<br>c. Број(еви) на пакувањето(та)/ ко контејнер(и) /Number(s) on package(s)/container(s):<br>d. Растенија, растителни производи или други објекти /Plant, plant product or other object :<br>e. Класа на производот /Class of commodity : | 11. Нето маса/ Волумен /Број на единици во пратката /Net Mass/Volume/Number of units in consignment :<br>a. МВБ /MVN :<br>b. Единечна мерка /Unit of measure :<br>12. Нето маса/ Волумен /Број на единици во задржениот дел/ Net Mass/Volume/Number of units in intercepted part :<br>a. МВБ /MVN :<br>b. Единечна мерка/ Unit of measure :<br>13. Нето маса/ Волумен /Број на единици во контаминираниот дел /Net Mass/Volume/Number of units in contaminated part :<br>a. МВБ/ MVN :<br>b. Единечна мерка /Unit of measure : |
| 14. ПРИЧИНА ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ/REASON FOR INTERCEPTION<br>a. Причина /Reason :<br>b. Научно име на штетниот организам /Scientific name of the harmful organism :<br>c. Опсег на контаминацијата /Extent of contamination : | |
| 15. МЕРКА(И) ПРЕВЗЕМЕНИ НА ПРАТКАТА/MEASURE(s) TAKEN ON CONSIGNMENT<br>a. . Мерки/ Measure : b. Опсег на мерки /Extent of measure :<br>ОПРЕДЕЛЕН КАРАНТИН/QUARANTINE IMPOSED<br>c. Карантин почеток датум/ Quarantine Begin date :<br>d. Карантин предвиден датум на престанок /Quarantine Anticipated end date :<br>e. Карантин датум на престанок /Quarantine End date :<br>f. Земја на карантинот /Country of Quarantine :<br>g. Место на карантинот/Place of Quarantine: | 16. СЛОБОДЕН ТЕКСТ/FREE TEXT |
| 17. Информација за задржување /Information on the interception<br>a. Место/ Место на проверка /Place/Check point :<br>b. Национална служба/Official service :<br>c. Дата /Date : | 18. ПРАЌАЧ НА ПОРАКАТА /SENDER OF THE MESSAGE<br>a. Национална служба /Official service :<br>b. Службен печат /Official stamp :<br>c. Личност одговорна за досието /Person responsible for the file :<br>d. Дата/Date : |

(2)

***Legend of Box 15*** / Упатство за пополнување на точката 15. Известувањето за задржување на пратка растенија, растителни производи и други објекти или штетен организам кои претставуваат непосредна фитосанитарна опасност

Measure: Мерки:

| ***Code - Код*** | ***Description - Опис*** |
|---|---|
| !! | OTHERS - Други |
| 01 | REQUEST FOR APPROPRIATE DOCUMENTS – Барање за соодветни документи |
| 02 | DESTRUCTION - Уништување |
| 03 | REJECTION / ENTRY REFUSAL – Отфрлање / Одбивање на влез |
| 04 | REMOVAL OF THE CONTAMINATED PRODUCTS - Отстранување на контаминираните производи |
| 05 | QUARANTINE IMPOSED – Определен карантин |
| 06 | TEST IN LABORATORY OF THE CONTAMINATED PRODUCTS - Тестирање во лабораторија на контаминираните производи |
| 07 | APPROPRIATE TREATMENTS – Соодветни третмани |
| 08 | RELEASE OF THE CONSIGNMENT – Ослободување на пратката |
| 09 | DEPOSIT - Депонирање |
| 10 | INDUSTRIAL PROCESSING – Индустриска обработка |
| 11 | REQUEST TO COMPLY WITH E.U. LEGISLATION – Барање за усогласување со ЕУ законодавство |
| 12 | TO INFORM THE IMPORTER – Информирање на увозникот |
| 13 | NO MEASURE TAKEN UNDER SUPERVISION OF P.P.S.- Не е превземена мерка под надзор на Фитосанитарниот инспектор |
| 14 | GRANTING OF A SPECIAL IMPORT AUTHORIZATION - Добивање на посебно Одобрение за увоз |
| 15 | RE–EXPORT - Реекспорт |
| 16 | EXTENSIVE EXAMINATION - Екстензивно (подетално) испитување |
| ?? | UNKNOWN - Непознато |

Extent of measure - Опсег на мерки

| ***Code -Код*** | ***Description - Опис*** |
|---|---|
| ! | OTHER - Друго |
| 1 | THE INTERCEPTED PART OF THE CONSIGNMENT – Задржан дел од пратката |
| 2 | CONTAMINATED PRODUCTS – Контаминирани производи |
| 3 | PACKING MATERIAL – Материјал за пакување |
| 4 | MEANS OF TRANSPORT – Средства за транспорт |
| ? | UNKNOWN - Непознато |